

# СПИСАНИЕ НА ТРУДОВИ НА ДНУ - ПРИЛЕП

# JURNAL OF PAPERS OF THE SOCIETY FOR SCIENCE AND ART PRILEP

ТОМ 34-35 ГОДИШТЕ
2018-2019
ПРИЛЕП


| СП. ТР. ДНУ – ПРИЛЕП 34/35 | Стр 1-172, Прилеп, 2018-2019 |
|---|---|
| JUR.PAP.SSA – PRILEP 34/35 | Page 1 -172, Prilep, 2018-2019 |

# СПИСАНИЕ НА ТРУДОВИ НА ДНУ ПРИЛЕП

# JOURNAL OF PAPERS OF THE SOCIETY FOR SCIENCE AND ART PRILEP

Том 34 – 35

Годиште 2018 – 2019

Прилеп

Прилеп 2022 Prilep

**Излегува:** еднаш годишно

**Главен и одговорен уредник**
**Editor in chief**
вонр. проф. д-р Силвана Пашовска
**Редакциски одбор**
**Editorijal board**
вонр. проф д-р Силвана Пашовска
проф д-р Љубен Попоски
проф д-р Јованка Тутеска
проф. д-р Гордана Мицеска
дипл. прав. Тодор Алексоски
проф д-р Цане Котески

**Превод на англиски јазик**
**Translated in to English**
Од авторите
**By the authors**
**Јазична редакција и корекција**
**Language editing and proofreading**
Тодор Алексоски
**За издавачот**
вонр. проф. д-р Силвана Пашовска
**Списание на трудови на ДНУ-Прилеп, бр. 34-35, 2018-2019**
**Печати: печатница „Ацетони" – Прилеп**
**Тираж: 150 примероци**
**Адреса на Редакцијата на списанието:**
ДНУ Прилеп, 7 500, Прилепски бранители бр. 40, п. фах. 172
**ISSN** 0352 – 3497

## СПИСАНИЕ НА ТРУДОВИ
## ДРУШТВО НА НАУКА И УМЕТНОСТ – ПРИЛЕП

## СОДРЖИНА

**ПРЕДГОВОР** ........................................................................................ 3

**д-р Јане Алексоски**
Болест од зелен тутун – опасност по здравјето на тутуноберачите .... 8
**Тодор Алексоски – писател**
Рацете се за прегратки, а не за насилство Македонски бисери на мудроста………………………………………………………………... 18
**Протоерej Златко Антелески**
**Чувајте се од кучињата!** Положбата и улогата на кучињата во библискиот дискурс ................................................................................ 24
**м-р Зоран Василески**
Јавната дипломатија – инструмент во промоција на државата……..36
**проф. д-р Биљана Гвероска, проф. д-р Гордана Мицеска**
Можности за искористување на биолошките потенцијали во заштитата на животната средина……………………………………….45
**Филип Димкоски,дипл.земјоделски инженер**
Применливоста на градинарството и училишните градини во одделни наставни предмети во и вон наставните активности во основното образование…………………………………………………...…………59
**м-р Каролина Мицевска, м-р Зоран Василески**
Етиката во односите со јавноста............................................................ 69
**м-р Каролина Мицевска**
Претставите од Гогољ во театарот „Војдан Чернодрински“ – Безвременска хроника........................................................................... 83
**вонр. проф. д-р Силвана Пашовска, м-р Роза Галеска**
Мотивацијата како движечка сила и значајна функција во менаџирањето........................................................................................... 89
**д-р Ѓорѓи Петкоски, д-р Цане Котески, д-р Никола В. Димитров**
*Можности за развој на религиозниот туризам на манастирот Зрзе во* Република Северна Македонија ……………….............................102

**д-р Ѓорѓи Петкоски, д-р Цане Котески**
Манастир Успение на Пресвета Богородица - Трескавец и неговата улога за развој на туризмот во Пелагонискиот плански гегион……... 111
**Петар Петрески – писател**
Очи меѓу сончогледите (извадок од необјавен роман)........................ 121
**Душко Темелкоски - археолог, кустос советник**
Монументална раноантичка гробница кај селото Подмол ……………128
**м-р Зоран Трајкоски**
Тенденции во современото деловно опкружување.............................. 143
**Тодор Алексоски - поет**
Животот е патешествие, љубовта е волшебна........................................ 156
Живот (Life) ............................................................................................... 156
Љубов (Love)................................................................................................ 157
**Марија Симоноска – поетеса**
**Стихови од секојдневието**....................................................................... 159
Не прашувај за вистината (Don't ask for the truth) ................................ 159
Липа (Lipa) .................................................................................................. 160
Маслинка (Olive) ........................................................................................ ..161
А колку сме?! (And how many are we?!)
Зар толку сме! (Are we that many!) ........................................................ .162
Брчки (Wrinkles) ) ...................................................................................... ..163
Пеперутки (Butterflies) .............................................................................. ...164
**Асен С. Стаменов - поет**
**Песни**........................................................................................................ 165
Покрај Вардар (Near Vardar…................................................................. 165
Липите расцутеа (The lime trees blossomed) ......................................... 166
Ми рече тогаш (He told me then) ............................................................ 167
Секавање (A memory) ................................................................................ 168
Новоизбрани членови на јубилејното и годишно собрание на ДНУ-Прилеп одржано на 28. 04. 2021 год........................ 169
**In Memoriam**................................................................................................ ...170
Упатство за авторите во “Списание на трудови на ДНУ – Прилеп“ ........................................................................................................ 171

# МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА РЕЛИГИОЗНИОТ ТУРИЗАМ НА МАНАСТИРОТ ЗРЗЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# OPPORTUNITIES FOR DEVELOPMENT OF RELIGIOUS TOURISM AT ZRZE MONASTERY IN THE REPUBLIC OF NORTHERN MACEDONIA

Ѓорѓи Петкоски-Универзитет „Гоце Делчев”- Штип, Факултет за Туризам и бизнис логистика-Гевгелија, petkoskigjorgji@gmail.com
Цане Котески-Универзитет „Гоце Делчев-Штип, Факултет за Туризам и бизнис логистика - Гевгелија, cane.koteski@ugd.edu.mk
Никола В. Димитров -Универзитет „Гоце Делчев-Штип, Факултет за Туризам и бизнис логистика-Гевгелија, nikola.dimitrov@ugd.edu.mk

## Апстракт

Манастирот Зрзе се наоѓа во ОП. Долнени во средишниот дел на Република Северна Македонија, на јужните падини на планината Даутица (2074м.н.в.), над селото Зрзе. До него се пристигнува по асфалтниот пат (Р513) од градот Прилеп-с. Мажучиште од каде навлегува во ОП. Долнени во правец кон-с. Ропотово каде од средината на селото се врти десно и се движиме по регионалниот асфалтен пат (Р514) во правец на с. Рилево-с. Костинци каде од средината на селото се врти лево кон с. Зрзе и над с. Зрзе се наоѓа манастирот Зрзе. Важно е да кажеме за посетителите дека на еден километар од манастирот на долната порта од манастирот од десната страна постои асфалтиран паркинг со капацитет за 50 автомобили. Манастирот е прогласен за споменик на културата.

Манастирот е епископско седиште на Хераклејскиот епископ Климент. Манастирот е изграден во XIV век од монахот Герман за време на владеењето на српскиот цар Стефан Душан, податокот е поткрепен со натписот кој се наоѓа на надворешниот ѕид од јужниот влез на главната манастирска црква. Во манастирот има активен монашки живот, околу манастирот постои средновековна монашка населба која што со сигурност имала 48 функционални целини, познати како испосници, тихувалишта.

**Клучни зборови:** религиозен туризам, туристи, религиозен објект, културно наследство, плански регион.

## Abstract

Zrze Monastery is located in the Municipality of Dolneni in the central part of the Republic of Northern Macedonia, on the southern slopes of Mount Dautica, above the village of Zrze. It is reached by the asphalt road (R513) from the city of Prilep. Mazuciste from where it enters the Municipality of Dolneni in the direction of the village. Ropotovo where from the middle of the village it turns right and we move along the regional asphalt road (R514) in the direction of the village. Rilevo-s. Kostinci where from the middle of the village it turns left to the village. Zrze and above the village. Zrze is the monastery of Zrze. It is important to say to the visitors that one kilometer from the monastery on the lower gate of the monastery on the right there is an asphalt car park with a capacity for 50 cars. The monastery has been declared a cultural monument. The monastery is the episcopal seat of Bishop Clement of Heraclea. The monastery was built in the 14th century by the monk Herman during the reign of Serbian Tsar Stefan Dusan, the information

is supported by the inscription on the outer wall of the south entrance of the main monastery church. There is an active monastic life in the monastery, around the monastery there is a medieval monastic settlement which certainly had 48 functional units, known as hermits, shrines.

**Keywords:** religious tourism, tourists, religious building, cultural heritage, planning region.

## Вовед

Манастирскиот туризам има многу значајна улога во развојот на религиозниот туризмот во Пелагонискиот плански регион и во Република Северна Македонија.

Пелагонискиот плански регион ги опфаќа градовите општини: Битола, Демир Хисар, Крушево, Ресен и Прилеп и селските општини: Долнени, Кривогаштани и Новаци.

Во општините постојат многу манастири од различни периоди и од научни аспекти како: културни, историски, религиозни и туристички. Како познати манастири во Пелагонискиот плански регион се: Манастирот Успение на Пресвета Богородица-Трескавец, Слепчанскиот манастир, манастирот Св. Архангел Михаил, манастирот Св. Димитрија с. Селце, манастирот Св. Спас Крушево и други манастири и цркви. Исто така во манастирите постојат конаци со кревети којшто им се нудат на посетителите за спиење, исто така постојат и кујни каде се готви храна. Во периодот од 2008 до 2009 година спроведени се детални археолошки истражувања на јужната, источната и северната падина на бигорската карпа, како и на делови од горното плато на карпата. Археолозите откриле остатоци од средновековна монашка населба, која со сигурност имала 48 функционални целини, познати како испосници, тихувалишта, платоа за општење како и делови од уште други 17 објекти. Со овие културно историски споменици манастирот Зрзе секојдневно го посетуваат голем број на домашни и странски туристи.

## 1. Историски развој на манастирот Зрзе

Монашкиот живот најпрвин се одвивал на местото Кале кое се наоѓа на околу 150 метри северно од манастирот Зрзе. За ова сведочат остатоците од стара базилика, во укрепеното место кое некогаш служело и како збег на населението.



**Слика 1.** План на наоѓалиштето Кале северно од манастирот.

Манастирот претрпел повеќе уривања и обновувања низ историјата, за тоа сведочат документите за активниот живот на манастирот од периодот на изградбата на манастирската црква во XIV век. Во црквата и на нејзините доградби сочувани се повеќе натписи кои даваат сознанија за историјата на манастирот Зрзе, неговата архитектура, фрескописот, иконописот и други активности во него. Во близина на манастирот Зрзе откриени се остатоци од цркви на Св. Константин и Елена, Св. Архангел Михаил и Св.

Атанасиј, што укажува дека во манастирот Зрзе имало и монашки живот. Недалеку од манастирот Зрзе откриена е и ранохристијанска базилика од V-VI век во која што во 1963/1964 година бил пронајден бакарен крст Енколпион. Првични податоци за црквата се добиваат од обемниот текст над поранешниот јужен влез на црквата од надворешната страна кој денес е тешко читлив. Текстот е напишан во 1400 година и од него се дознава дека манастирот бил подигнат од страна на монахот Герман. По неговата смрт управувањето со манастирот го презеле неговите внуци митрополитот Јован и неговиот брат Макариј (двајцата биле зографи). Откако манастирот потпаѓа под османлиска власт браќата му го оставиле манастирот Зрзе на нивниот кмет Константин и на неговите синови Јаков, Калојан и Димитар. Манастирот почнал да пропаѓа по смрта на кметот Константин и веројатно на неговите синови, па во почетокот на XVI век имало сериозни оштети, дури биле урнати и столбовите на црквата. Првобитната црква била обновена околу 1535 година кога дошло до ново зографисување. Последното реновирање на манастирот Зрзе било направено во февруари 2015 година со финансиска подршка од Министерството за култура на Република Македонија. Со реновирањето обновени се манастирскиот конак, делот како маѓерница, кулата до влезната порта, североисточно бедемот како и горна порта. Во исто време со обновата на манастирот бил изграден и локалниот пат кој што води до манастирот од с. Костинци до-с.Зрзе.



**Слика 2.** Панорамска слика на манастирот Зрзе
Извор: mk.wikipedia.org/wiki/Зрзески_манастир




**Слика 3.** Надворешниот дел од црквата Св. Преображение
https://markukule.mk/wp-content/uploads/2021/09/Screenshot_4-8.png

**2. Археолошки наоди во манастирот Зрзе**

Во манастирската целина сместено е истоименото археолошко наоѓалиште каде што се пронајдени бројни артефакти кои потекнуваат од времето пред изградбата на манастирот Зрзе. ***Од бронзеното време*** откриена е пештера во карпа, на подот на средновековната пештерна црква има остатоци од керамички садови кои што се наоѓаат врз површината од карпата. ***Од раноантичкиот период*** се среќаваат остатоци од објекти во западниот дел од манасрирскиот двор. ***Додека од доцноантичкиот период*** откриена е акропола распространета на горното плато од бигорската карпа. Постои градба распространета на јужните и источните падини од возвишението. Постои и ранохристијанска базилика од V-VI век на висорамнина на околу 100 метри северно од манастирот Зрзе. Откриени се и единечни наоди од садови од керамика од ***бронзено време*** и ***рана антика***. (Димитров, Котески, 2015г. Туристичка географија).

## 3. Монашка населба во манастирот Зрзе

Во периодот од 2008 до 2009 година спроведени се археолошки истражувања на јужната, источната и северната падина на бигорската карпа, како и на делови од горното плато на карпата. Со истражувањето откриени се остатоци од средновековна монашка населба, која што со сигурност имала 48 функционални целини, познати како испосници, тиховалишта, како и делови од уште други 17 објекти.

***Составните делови на монашката населба се распоредени на седум рамништа, од стратиграфските анализи и функционалните согледувања се издвојуваат три основни периоди на постоење:***

- ***Првиот период*** го опфаќа времето од крајот на IX век до последните декади од XI век. Ваквата временска определба е потврдена со голем број на остатоци од керамички садови налик на оние пронајдени во средишните делови на Балканскиот Полуостров од тој период. Овај период се одликува со 13 функционални целини во најголем дел испосници, кои се распоредени во горните делови од јужните, источните и северните падини на бигорската карпа. Овие објекти биле изградени со помош на проодни вдлабнатини пештери. Во бигорската карпа зарамнетите платоа образувани се по исцрпувањето на бигорот во периодот од III до IV век како и зарамнетите површини врз срушените објекти од доцно античкиот период.
- ***Второт период*** го опфаќа времето од XII до првите декади на XIV век. Со него се поврзуваат 10 функционални единици, како и делови од уште пет објекти, вклучувајќи ја јужната пештерска црква, четири испосници со јасно одреден простор за живеење и пет тихувалишта на кат во внатрешноста на карпата. Од особено значење за овај период е изградбата на целината на средишната пештерна црква која покрај црквата, е сочинета уште од надворешната страна со три тихувалишта на кат и параклис. Во врска со градбените методи од овој период карактеристична е употребата на внимателно обработени подни камени плочи.
- ***Третиот период*** го опфаќа времето од третата декада на XIV век до последната декада на XV век, по што се јавува нагласено напуштање на монашката населба врз падините од карпата и преселување на содржините на просторот од горното плато на бигорската карпа. Овој период се поврзува со почетоците од постоењето на манастирската црква изградена врз горното плато од бигорската карпа и се одликува со понатамошно постоење на голем дел од испосниците, тихувалиштата и платоата за општење а во работниот дел на испосниците е забележително усовршувањето на техничко- технолошките

постапки со јасно разликување на печките, огништата и работните платоа (Димитров, Методијески, Котески, Ангелкова-Петкова, Религиозен туризам, 2017).



**Слика 4.** Приказ на испосниците и тихувалиштата под манастирот Зрзе

**4. Патна инфрструктура до манастирот Зрзе**

Ако решите да патувате од Скопје со афтомобил до Прилеп ќе ви бидат потребни некаде околу два и пол часа. Постојат две рути преку Е75 преку автопатот Пријателство и регионалниот пат (Р106) Градско-Прилеп со должина од 132 километри или преку М4 Скопје-Тетово-Гостивар-Кичево-М.Брод-с. Ропотово (Р513) со должина од 118 километри.

Прилеп е оддалечен од Битола 40 километри (Р106). Со оглед на фактот што од грчката граница до Битола има само 15 километри манастирот Зрзе срдечно го препорачуваме на сите туристи кои често престојуваат во Битола. Дел од своето слободно време можат да го искористат да го посетат манастирот Зрзе, и сигурни сме дека ќе ги импресионира со својота убавина. ( Котески, Собраќај во туризмот, 2017).



**Слика 5.** Приказ на дел од пристапниот пат до манастирот Зрзе

**5. Приготвување и послужување на храна  во трпезаријата на манастирот**

Неизбежна работа во секој манастир е кујната и трпезаријата. На денот на манастирската слава 19 август се подготвуваат јадења во зависност од тоа празникот во кој ден паѓа, ако е во среда и петок тогаш е посно менито, доколку е во други денови тогаш се готви мрсно јадење.

***Во  време на посни денови се приготвуват следите јадења:***

- ***Манастирски грав*** (подготвувањето е на следниов начин  и тоа за еден гостин се ставаат грав  0,120 грама,  кромид 0,030 грама, морков 0,010 грама, зачини, масло потоа се вари гравот 3 до 4 часа на тивок оган на шпорет ѕидан на дрва правата мајсторија е во тоа што се готви на дрва).

- ***Посна јанија*** (во јанијата се става зеленчук од: кромид, морков, праз, компир, масло, грашак, црвена пипер,  ѓувеч постапката за приготвување е следна: во  казанот се става масло потоа кромидот, морковот и празот се пржат потоа се додава црвена пипер, пота се пропржува и се додава ѓувеч, и се остава да динстува 90 минути. Потоа се додава компирот и грашакот. Кога ќе се сварат компирот и грашакот јанијата се запржува и се зачинува).

- ***Исто така има и додатно салати како:*** зелка салата, мешана салата и туршија.



**Слика 6.** Од лево на десно: Јанија со телешко месо и посна јанија

***Во време кога нее пост се приготвуваат следниве јадења:***

- Јанија со јунешко (телешко) месо;
- Растурена мусака;
- Гулаш;
- Селско месо;
- Човте во сос;
- Јанија со јагнешко месо и компири; и
- Јагњина печени на ражен.

Во трпезаријата се послужува зготвената храна. Се поставуваат  чаршафи, тајнири, прибор за јадење, леб и пијалоци. Треба да се спомене кога е манастирската слава на 19 август гостите имаат право на зготвено јадење да јадат во трпезаријата но кога ќе завршат со јадењето кујната и трпезаријата треба да се остави средена и чиста како што била предходно.  Манастирот  има конаци кој служат за преноќевање на гостите кои сакаат да останат повеќе денови.

## 5. Посетеност на манастирот Зрзе

Манастирот Зрзе секојдневно е посетен од домашни и срански туристи.

Архитектурата, античките археолошки остатоци од стари населби, монашката населба, верските објекти, конаците, убавата природа сето тоа во едно вклопено е доста интересно за секој домашен и странски турист. Во просек дневно го посетуваат од 60 до 80 туристи од државата и од многу држави од Европа, Блискиот исток и Азија, авантуристи и

вљубеници во културното наследство, рибникот, ладната планинска вода и природата на планината Даутица со незиниот врв висок (2074 м.н.в.).

## Заклучок

Манастирот Зрзе привлекува доста туристи и верници од земјата и странство и претставува голем потенцијал за развој на религиозниот туризам на Пелагонискиот плански регион. Манастирските конаци имаат голема улога за пренокевање на посетителите. Исто така има и кујна за приготвување на храна и трпезарија за послужување на храна. Културното наследство, добро уредениот двор и природата околу манастирот на планината Даутица претставува вистински рај за уживање на сите туристи кои се воодушевени. Секој домашен и странски турист кој го посетил манастирот е воодушевен од вкусно подготвената храна. Мотивацијата е доживување на духовното преку Светата Литургија, разговорот со духовникот, нивниот живот и молитвата. Треба да се каже дека манастирот Зрзе е епископско седиште на викарниот епископ хераклејски Климет кој е еден од нај исткнатите духовници во (МПЦ-ОА).

## Conclusion

Zrze Monastery attracts many tourists and believers from the country and abroad and is a great potential for the development of religious tourism in the Pelagonija planning region. Monastery lodgings play an important role in overnight stay of visitors. There is also a kitchen for preparing food and a dining room for serving food. The cultural heritage, the well-kept yard and the nature around the monastery on the mountain Dautica is a real paradise for the enjoyment of all tourists who are delighted. Every domestic and foreign tourist who visits the monastery is delighted with the deliciously prepared food. The motivation is to experience the spiritual through the Holy Liturgy, the conversation with the spiritualist, their life and prayer. It should be said that the monastery Zrze is the episcopal seat of the vicar bishop Heraclea Clement, who is one of the most prominent clergymen in the (Macedonian Orthodox Church - Ohrid Archbishopric).

**Литература:**


1. Vrguljan V.(1985). Medjunarodni sistem zastite kulturnih i prirodnih dobara, Zagreb – Beograd.
2. Димитров, В.,Н., Котески, Ц.(2015). Туристичка географија, Универзитет "Гоце Делчев"- Штип, ISBN 978-608-244-216-7.
3. Котески, Ц., Димитров, В., Н.(2019). Национална туристичка географија, ISBN 978-608-244-641-7 Универзитет "Гоце Делчев"- Штип.
4. Koteski, Cane and Dimitrov, Nikola and Jakovlev, Zlatko (2016) Состојба на македонската сообраќајна мрежа и нејзиното влијание врз меѓународниот сообраќај. Bulletin of Papers ASA - 2008-2009. pp. 53-69. ISSN 0352-3497.
5. Котески, Ц.(2017). Сообраќај во туризмот, Универзитет "Гоце Делчев"-Штип, ISBN 978-608-244-395-9.
6. Никола В.Димитров, Дејан Методијески, Цане Котески, Тања Ангелкова-Петкова (2017) Религиозен туризам http://e-lib.ugd.edu.mk/709, „Гоце Делчев“ Универзитет, Штип. ISBN 978-608-244-463-5.
7. Просторен План на Република Македонија, Министерство за животна средина и просторно планирање (2.07. 2017).